Врз основа на член 23 од Законот за работните односи, член 20-г и 20-д од Законот за вработените во јавниот сектор, а во врска со член 76-а став 1 и став 2 алинеја 5 и 6, член 76-ѓ, член 76-е , член 76-ж , член 77-а став 1 алинеја 1 и став 2, член 77-б, член 77-в, член 77-г и член 77-д од Законот за култура, Одлуката за објавување на јавен оглас бр.02 – 193/1 од 09.04.2021 година, Правилникот за формата и содржината на јавен оглас и пријавата за вработување на даватели на јавни услуги и помошно-технички лица во ЈУ Градска библиотека „Браќа Миладиновци„ – Скопје, РСМ бр.01 – 391/1 од 27.06.2018 година и согласноста од Министерството за финансии бр.18-2368/4 од 08.04.2021 година, се објавува

# ЈАВЕН ОГЛАС

за вработување на 8(осум) лица на определено време бр.02 – 194/1 од 09.04.2021 година

ЈУ Градска библиотека „Браќа Миладиновци„ – Скопје, РСМ има потреба од вработување на 8(осум) лица на определено време:1(еден) административен службеник, 3(три) даватели на јавни услуги и 4(четири) помошно-технички лица, на следните работни места :

Административен сдлужбеник

1. Соработник за материјално финансиско работење, шифра КУЛ 0102 В03 002 1(еден) извршител,
   - ниво на квалификациите VI Б според Македонската рамка на квалификации и стекнати 180 кредити според ЕКТС или VII1 степен Економски науки , најмалку 1 година работно искуство во струката, Сектор за општи-правни, материјално финансиски работи и човечки ресурси , Одделение за општи правни работи, човечки ресурси и материјално финансиски работи
   -- познавање еден од трите најчесто користени јазици во Европската унија(англиски, француски, германски), активно познавање компјутерски програми за канцелариско работење.
   Работно време од 8,30 часот до 16,30 часот, 40 часа неделно, месечна нето плата 25.552,00 денари.

Даватели на јавни услуги во културата

**2**. Стручен соработник за заштита на културно наследство – библиотекар, шифра КУЛ 0304 Д03 001, категорија Д, ниво Д-3 , 1(еден) извршител;

За пополнување на работното место, кандидатот треба да ги исполнува следните посебни услови:

-Вид на образование: високо образование или најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII1 степен наука за книжевност, библиотекарство и документација, историја на уметност;

-Работно искуство до 1(една) година во струката.

-Распоредот на работното време и паричниот износ на основната нето плата изнесува: за определено време со полно работно време ( 40 работни часа неделно од 8 часот до 16 часот и од 12 часот до 20 часот) нето плата без минат труд ќе изнесува 28.938,оо денари.

**3**. Стручен соработник за заштита на културно наследство – библиотекарски помошник, шифра КУЛ 0304, Ѓ02 005 категорија Ѓ , ниво Ѓ - 2 , 2(два) извршители;

За пополнување на работното место, кандидатот треба да ги исполнува следните посебни услови:

-Вид на образование: средно-гимназиски смер или најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII1 степен наука за книжевност, библиотекарство и документација.

-Без работно искуство во струката.

-Распоредот на работното време и паричниот износ на основната нето плата изнесува: за определено време со полно работно време ( 40 работни часа неделно од 8 часот до 16 часот и од 12 часот до 20 часот) нето плата без минат труд ќе изнесува 22.617,оо денари.

Помошно - технички лица:

**4.** Хаусмајстор, шифра КУЛ 0401 Б02 001, категорија – Б ниво Б2 , 1(еден) извршител;

За пополнување на работното место кандидатот треба да ги исполнува следните посебни услови:

-Вид на образование: средно образование;

- со и без работно искуство во струката;

-Распоредот на работното време и паричниот износ на основната нето плата изнесува: за определено време со полно работно време ( 40 работни часа неделно од 8 часот до 16 часот ) нето плата без минат труд ќе изнесува 21.107,оо денари.

**5.** Возач, шифра КУЛ 0403 А01 001, категорија – А ниво А1 , 1(еден) извршител;
За пополнување на работното место кандидатот треба да ги исполнува следните посебни услови:
-Вид на образование: средно образование;
- со и без работно искуство во струката;
-Распоредот на работното време и паричниот износ на основната нето плата изнесува: за определено време со полно работно време ( 40 работни часа неделно од 8 часот до 16 часот ) нето плата без минат труд ќе изнесува 19.893,оо денари.

**6.** Хигиеничар шифра КУЛ 0401 Б03 001 категорија – Б ниво Б03 , 2(двајца) извршители;
За пополнување на работното место кандидатот треба да ги исполнува следните посебни услови:
-Вид на образование: основно образование;
- со и без работно искуство во струката;
-Распоредот на работното време и паричниот износ на основната нето плата изнесува: за определено време со полно работно време ( 40 работни часа неделно од 7 часот до 15 часот и од 12 до 20 часот ) нето плата без минат труд ќе изнесува 17.128,оо денари.

Кандидатот, за сите работни места, треба да ги исполнува следните општи услови:
-да е полнолетен;
-да има општа здравствена способност за работното место и
-со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

Пријавата за вработување (превземи ја од веб страната на Библиотеката www.gbsk.mk) особено содржи:
-податоци за кандидатот (име и презиме, матичен број на граѓанинот, датум и место на раѓање, адреса и место на живеење, електронска адреса на кандидатот, контакт телефон, припадност на заедницата);
-кратка биографија;
-изјава за исполнување на општите услови за работното место со наведување ДА/НЕ за секој услов одделно;
-изјава за исполнување на посебните услови за работното место со наведување ДА/НЕ за секој услов одделно;

**Кандидатите кон пријавата треба да приложат во оригинал или копија заверена на нотар и:**

**-уверение за државјанство (не постаро од 6 месеци);**
**-доказ за работно искуство во струката;**
**-доказ за завршен соодветен степен на образование;**
**-потврда дека не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност (не постара од 6 месеци);**
**-лекарско уверение за општа здравствена состојба на кандидатот (не постаро од 6 месеци).**

Согласно Измените на Годишниот план за вработување на Библиотеката за 2021 година за административен службеник, даватели на јавни услуги во културата и помошно-технички лица предвидени се 8 вработувања, од кои 5 на македонската заедница ( ред.бр.1 – 1 извршител, ред.бр.2 – 1 извршител , ред.бр.4 - 1 извршител, ред.бр.5 – 1 извршител и ред.бр.6-1 извршител), 2 на албанската заедница ( ред.бр.3 – 1 извршител и ред. бр.6 – 1 извршител), и 1 на српската заедница ( ред.бр.3 – 1 извршител) .

Јавниот оглас трае 5 (пет) дена од денот на објавување во дневниот печат.Постапката за селекција за вработување се состои од: административна селекција за проверка на веродостојноста на доставените податоци и доказите доставени на јавниот оглас и интервју.

Кандидатите кои успешно ја поминале постапката на веродостојност на докази имаат право да продолжат на интервју.

Во рок од три дена Комисијата за вработување подготвува и до Директорот на јавната установа од областа на културата доставува предлог кандидат.

Пријавите со потребни документи да се достават до архивата на Библиотеката или на адреса: ЈУ Градска библиотека „Браќа Миладиновци„ – Скопје, РСМ Бул.„Партизански одреди„ бр.22, 1000 Скопје.

**НАПОМЕНА:**Некомплетни или ненавремено поднесените документи нема да се разгледуваат.
Изборот ќе се изврши во рок од 5(пет) работни дена по добиениот предлог од Комисијата за вработување, согласно Законот за култура и правните акти на Библиотеката.

Директор : Сузана Данаилова